ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:34-170/10

Дата: 25.10.2012

ДО

УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Управата за хидрометеоролошки работи (во понатамошниот текст Управата) на сметката на основниот буџет (631), за 2011 година.

Ревизијата утврди дека е направен задоволителен напредок во имплементацијата на препораките од ревизијата за 2005 година со оглед на тоа што најголем број од препораките се спроведени.

Врз основа на резултатите од ревизијата, не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2011 година. За прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива изразуваме негативно мислење.

Во рамки на утврдените слабости, како позначајни ги констатиравме: невоспоставениот систем на интерни контроли при процесот на безготовинско плаќање, незаконски остварени приходи од давање под закуп на недвижни ствари, неусогласеност на позициите во Билансот на состојба, нецелосно и неправилно спроведен попис, неевидентирање на вредноста на потрошените материјали и нецелосно почитување на Законот за јавни набавки при набавките на стоки и услуги.

По однос на наведеното, укажуваме дека одговорните лица во Управата треба да преземат активности со кои ќе се обезбеди средствата од закупнината на недвижни ствари да се уплатуваат во Буџетот на РМ, усогласување на билансните позиции согласно буџетското начело на парично искажување, целосно и правилно спроведување на пописот, сметководствено и материјално евидентирање на потрошокот на материјали и рационално и ефикасно користење на средствата при набавки на стоки и услуги преку доследна примена на постапките утврдени со Законот за јавни набавки.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 9 до 11 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (631) , кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2005 година на Управата за хидрометеоролошки работи и изразено е воздржување од давање на мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, додека за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции изразено е негативно мислење.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

– м-р Ванчо Димитриев, директор од 07.09.2010 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Управата за

хидрометеоролошки работи се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата изнесени во делот „Цели и делокруг на ревизијата" ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Управата остварила приходи од издавање под закуп на недвижни ствари без законски основ, не е извршено усогласување на позиции во Билансот на состојба согласно буџетското начело на парично искажување, пописот на средствата и обврските не е целосно и правилно спроведен, не се води материјална и сметководствена евиденција за потрошените материјали и не е обезбедена потврда за реалноста и објективноста за состојбата на побарувањата. Поради наведеното, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи за 2011 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.06.2012 до 31.08.2012 кај Управата за хидрометеоролошки работи од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години – спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година.

Во Прилог 1 кон овој извештај дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 31.08.2012 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 34 – 170/5 од 18.09.2012 година.

### 4.1 Интерни контроли

4.1.1 Наодите кои се изнесени во точката 4.1.1 од Извештајот за сметката на основен буџет (637) во врска со невоспоставениот систем на редовна внатрешна сметководствена контрола и пишани процедури за разграничување на должностите и делегирање на овластувањата во процесот на плаќање се однесуваат и на сметката на основниот буџет (631).

### 4.2 Финансиски извештаи

#### Биланс на приходи и расходи

4.2.1 При ревизија на остварените и наплатени неданочни приходи во 2011 година се утврдија следнове неправилности:

- Остварени се приходи во вкупен износ од 2.322 илјади денари по основ на давање во закуп на недвижни ствари (закуп на простор, антенски столб и надомест за приклучување на трафостаница) на трговски радиодифузни друштва. Овие средства незаконски се уплатувани на сметката на Управата, наместо во Буџетот на РМ што не е во согласност со член 7 од Законот за користење и располагање со стварите во државните органи;
- Во три договори за користење под закуп на деловен простор не е прецизиран предметот на договорот, односно не е наведена локацијата на недвижните ствари што се издаваат под закуп на радиодифузните друштва;

- Со извршениот увид во начинот на пресметката на надоместоците констатирано е дека висината на надоместокот во Договорот бр. 03-1810/1 од 16.09.2008 година за закупнина за користење на деловни простории и антенски столбови на две метеоролошки радарски собирни центри не е утврдена согласно Тарифникот бр. 02-14005/1 од 29.12.2006 година за висината на цената на услугите за потребите на правни и физички лица/корисници на услуги/;
- Според договорот бр.03-760/1 од 04.04.2008 година за користење под закуп на деловен простор утврдена е закупнина за користење на простор на 4 МРСЦ и приклучување на трафостаница согласно Тарифникот бр. 02-14005/1 од 29.12.2006 година. До јуни 2010 година, УХРМ ги наплатувала надоместоците согласно договорот, но потоа ја намалува висината на надоместокот за закупнина без да се склучи Анекс на договор.

Ваквите состојби се резултат на необезбедени контроли во Управата и имаат за ефект неправилно пресметување на висината на надоместокот и неосновано располагање и користење на средства што претставуваат приход на Буџетот на РМ.

**Препорака:**

Директорот на Управата да превземе соодветни мерки и воспостави процедури со цел правилна пресметка на надоместоците остварени од закупнина на недвижни ствари и истите да се уплатуваат во Буџетот на РМ, согласно законските одредби.

4.2.2 Наодот изнесен во точката 4.3.1 од Извештајот за сметката на основен буџет (637) во врска со непостоење на соодветна поткрепувачка документација за расходите по основ на партерно и културно уредување на дворно место на Управата во износ од 70 илјади денари, се однесуваат и на сметката на основниот буџет (631).

**Биланс на состојба**

4.2.3 Како резултат на несоодветна промена на начинот на водење на сметководството од фактурирана на наплатена реализација од минати години, ревизијата констатира дека не е запазено буџетското начело на парично искажување поради што постои неусогласеност помеѓу паричните средства во Билансот на состојба на ден 31 Декември 2011 година и остварениот вишок на приходи – добивка пред оданочување во износ од 1.095 илјади денари.

Ваквата состојба не е во согласност со член 14,18 и 19 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и има за последица нереално и необјективно прикажување на билансните позиции во Билансот на состојбата, како и на резултатот од финансиските трансакции во 2011 година.

**Препорака**

Одговорните лица во Секторот за економско - финансиски работи да преземат активности за усогласување на состојбите на сметките, согласно сметководственото начело на парично искажување, во смисла приходите да се признаваат во пресметковниот период во кој настанале, според критериумот на мерливост и расположивост, а расходите во износ во кој е извршено плаќањето.

4.2.4 Наодите изнесени во точката 4.3.3 алинеја 2,3 и 4 од Извештајот за сметката на основен буџет (637) во врска со нецелосно и неправилно спроведениот попис на средства и изворите на средства, се однесуваат и на сметката на основниот буџет (631).

4.2.5 Наодот изнесен во точка 4.3.4 алинеја 2 од Извештајот за сметката на основен буџет (637) во врска со материјалното и сметководствено неевидентирање на потрошените залихи на материјали, се однесуваат и на сметката на основниот буџет (631).

4.2.6 Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 Ревизорски и 505 Екстерни конфирмации од страна на ревизијата беа испратени конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на побарувањата. За ненаплатените побарувања во вкупен износ од 3.620 илјади денари, беа испратени 8 конфирмација што опфаќа 81% од побарувањата. Од пратените конфирмации до денот на ревизијата добиени се одговори од 2 комитенти (25% од испратените конфирмации) од кои ниту една конфирмација во износ од 356 илјади денари не ја потврди сметководствената состојба, додека за останатите 6 конфирмации во вкупен износ од 2.586 илјади денари (75 % од испратените конфирмации) не се добиени одговори.

Имајќи предвид дека не е добиена потврда на 100% од испратените конфирмации со состојба на 31.12.2011 година, ревизијата не се увери во реалноста и објективноста во обелоденување на состојбата на побарувањата.

**Препорака**

Одговорното лице во Секторот за економско - финансиски работи редовно да врши усогласување на побарувањата со комитентите.

## 4.3 Користење на средства согласно законските прописи

**Јавни набавки**

4.3.1. Наодите кои се изнесени во точка 4.4.1 од Извештајот за сметката на основен буџет (637), во врска со утврдените констатации за поединечни неправилности во спроведување на постапките за јавни набавки, се однесуваат и на сметката на основниот буџет (631) од која се врши делумно финансирање на набавките.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точката 4.2, од овој извештај, а која се однесува на незаконски уплатувани надоместоци на сметката на Управата, неусогласеност на позициите во Билансот на состојба согласно буџетското начело на парично искажување, нецелосно и неправилно спроведен попис на средствата и изворите на средства, сметководствено и материјално неевидентирање на потрошените материјали и необезбедена потврда за реалноста и објективноста за состојбата на побарувањата, ревизијата не беше во можност да ги квантифицира ефектите врз финансиските извештаи на Управата за хидрометеоролошки работи но поради значајноста на утврдените слабости, ревизијата се воздржа од давање мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2011 година.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2 од овој извештај ние не бевме во можност да добиеме соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Управата за хидрометеоролошки работи, сметка на основен буџет (631), на ден 31.12.2011 година.

**Мислење  за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2 и 4.3 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Управата за хидрометеоролошки работи, сметка на основен буџет (631), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 25.10. 2012 година

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор 

1. ________________ ________________
2. ________________
3. ________________
4. ________________

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1.** | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 3.433 | 2.885 |
| **Вкупно приходи** | | **3.433** | **2.885** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.** | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 1.801 | 1.552 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2. | 391 | 305 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **2.192** | **1.857** |
| **Вкупно расходи** | | **2.192** | **1.857** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **3.3.** | **1.241** | **1.028** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | **3.4.** | 1 | 11 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **3.5.** | **1.240** | **1.017** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 146 | 31 |
| Побарувања | 4.1.2. | 3.620 | 4.098 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3. | 91 | 11 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.4. | 166 | 156 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5. | 132 | 586 |
| Залихи | 4.1.6. | 185 | 185 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4.340** | **5.067** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 64 | 154 |
| **Вкупно постојани средства** | | **64** | **154** |
| **Вкупна актива** | | **4.404** | **5.221** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 88 | 575 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.2. | 52 | 95 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 4.015 | 4.212 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **4.155** | **4.882** |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 249 | 339 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **249** | **339** |
| **Вкупна пасива** | | **4.404** | **5.221** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2011 година** | **154** | **185** | **339** |
| **Зголемување по основ на:** | **4** | - | **4** |
| Ревалоризација на капитални средства | 4 | | **4** |
| **Намалување по основ на:** | **94** | - | **94** |
| Амортизација | 94 | | **94** |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **64** | **185** | **249** |